


# Македонски Железници:

## Студија за одржливост – Источна делница

Процес на консултации со јавноста и засегнатите страни



eptisa
REGIONAL OFFICE FOR SEE
www.eptisasee.com

Republic of Macedonia
MINISTRY OF TRANSPORT AND COMMUNICATIONS

DB Mobility Networks Logistics

## Што е Коридорот VIII?

Пан-европскиот Коридор VIII ги поврзува истокот и западот на јужен Балкан (Јадранско море со Црно море преку Албанија, Македонија и Бугарија).




*Долж трасата, Коридор VIII се вкрстува со пан-европските коридори IV, IX и X*

Коридорот VIII има многу важно економско и социјално значење за Република Македонија во поглед на развојот на земјата. Поради ова, рехабилитацијата на веќе изградените делови од пругата и изградбата на деловите кои недостигаат на железницата од Коридор VIII се од многу висок владин приоритет.

Министерството за транспорт и врски со средства од Европската банка за обнова и развој иницира подготовка на Студија за одржливост и Студија за оценка на влијанието врз животната средина и социо-економските аспекти за источната делница од железничката траса како чекор напред во аплицирањето за финансиски средства.

Студијата за оценка на влијанието врз животната средина и социо-економските аспекти ќе ги покрие методите и клучните прашања, правната рамка, конуслтативниот процес, социо-економската основа, можните алтернативи, предвидување и проценка на позначајните влијанија врз животната средина и социо –економските аспекти, мерки за ублажување или неутрализирање и планови за управување и мониторинг со животната средина и социо-економските аспекти.

## Зашто е потребен овој проект?

***Директно железничко поврзување меѓу Македонија и Бугарија**

*Македонија ќе има пристап **со железница до пристаништата во Бугарија и Албанија,** како алтернатива на пристаништето во Солун

*Отворање на **солиден пристап со железница** за северно-источниот регион на Македонија кон другите региони на Македонија (товарен и патнички)

*Можност да се понудат **атрактивни патнички услуги** со железница долж проектната секција и до/од дестинации како Скопје и други региони во Македонија и Бугарија

* **Олеснување и зголемување на трговската размена** меѓу Бугарија, Македонија и Албанија

## Зошто е инициран проектот?

Македонија има потреба од значителни инвестиции и подобрување на транспортната инфраструктура.

Коридорот VIII железница е долг 312km, западниот дел спрема Република Албанија и источниот дел спрема Република Бугарија.?

Источниот дел започнува на станица Куманово и ја следи долината на Крива река преку Бељаковце, Кратово, Гиновце и Крива Паланка до македонско/бугарска граница во должина од 88.5km.

Активностите за изградба на железничката пруга датираат од XIX век. Последните активности се од периодот меѓу 1994 и 2004 кога Владата на Република Македонија инвестираше во изградбата на железничката линија во источниот дел кога коридорот повеќе или помалку беше поставен. Работите се запрени поради недостиг на финансиски средства.
За комплетирање на железничката врска меѓу Македонија и Бугарија, Куманово – бугарска граница мора да се завршат работите за реконструкција и изградба.



## Процедура на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина и социо-економските аспекти

Информациите за јавноста, учеството и консултациите на јавноста ќе бидат на располагање за време на сите етапи од имплементацијата на проектот.

Нацрт студијата ќе биде објавена за јавност во период од 120дена кога сите засегнати страни ќе имаат можност да ги искажат своите ставови. По завршувањето на периодот за коментари, студијата ќе биде надополнета со цел да ги рефлектира коментарите добиени од засегнатите страни. Ќе биде дадена и информација како коментарите биле земени во предвид а конечната одлука ќе и биде објавена на јавноста.

Сите коментари ќе бидат земени во предвид при завршувањето на финалната Студија за оценка на влијанието врз животната средина и социо-економските аспекти и Студијата за одрживост.

## Зошто ве контактираме?

Знаејќи за потенцијалните влијанија на проектните активности утврдивме дека проект од овој обем и значење ќе биде од интерес на многу луѓе во северно-источниот регион на Македонија и пошироко. Пред завршувањето на Студијата за одрживост сакаме да го добиеме вашето мислење за проектот и вашите ставови да бидат земени во предвид.



## Проценка на влијанијата

***Проценката на влијанието врз животната средина и социо-економските аспекти*** е проценка на можните позитивни и негативни влијанија кои предложениот проект може да ги има врз средината, **и тоа вклучувајќи ја природата и социо-економските аспекти.**

***Влијанија врз животната средина:*** измена и поделба на живеалиштата, загадување на воздух, прашина, отпадни води, создавање на отпад, ерозија на почва, бучава и вибрации, безбедност, пристапни патишта, премини и визуелни ефекти.

***Социо-економски влијанија:*** локални можности за вработување, локални економски можности, нови и подобрени транспортни можности, загуба на домови/физичко преселување, несреќи за време на градежните работи

## Ќе бидат подготвени мерки за ублажување и мониторинг план за градежната и оперативната фаза

Од социјален аспект, таму каде ќе биде потребно заради нормално функционирање на населбите ќе бидат предвидени некои мерки како потпорни ѕидови, пристапни патишта, надвозници и подвозници за премин на железничката пруга.

За градежната и оперативната фаза ќе се посвети посебно внимание на безбедноста на граѓаните посебно во однос на движењето на градежната механизација на локалните јавни патишта и пристапните патишта и возовите за време на оперативната фаза со цел да се избегнат било какви несреќи или повреди.

Ќе се предложат мерки за да се превенираат негативните влијанија од функционирањето на железницата врз квалитетот на воздухот, модификацијата на хидрологијата поради позајмиштата и неадекватното депонирање на инертен и опасен отпад, изложување на високи нивоа на бучавост посебно во населените места и во близина на области со куќи.

## Консултирање на јавноста и засегнатите страни

*Овој леток е широко дистрибуиран за да се овозможи тоа.*

Консултативниот период за нацрт Студијата за влијанието врз животната средина и социо-економските ќе трае 3 месеци започнувајќи од 1-ви ноември 2011.

**Ќе има исто така и јавни расправи за кои ќе бидете навремено информирани на огласните табли во вашите општини.**

На овие расправи ќе биде на располагање нацрт студијата за влијанието врз животната средина и социо-економските аспекти како и други проектни информации. Членовите на проектниот тим ќе асистираат во однос на прашањата и ќе ги забележуваат коментарите. Дополнителни информации за консултативниот процес може да се најдат во Планот за вклучување на засегатите страни кој го има на интернет страна.

**Членови на проектниот тим за влијанието врз животната средина и социо-економските аспекти:**
Г-дин. Бертолд Вајтз – Експерт за животна средина
Г-ѓа. Гите Андерсен – Експерт за социо-економските аспекти
Г-ѓа. Славјанка Пејчиновска Андонова - Експерт за оценка на влијание на проекти врз животната средина
Г-дин. Јован Пејковски – Локален експерт за социо-економски аспекти
Г-ца. Татјана Тодороска – Проектен Асистент

### Процес за поплаки

Одделен процес за поплаки ќе биде на располагање за сите оние кои сакаат да поднесат поплака. Процеот ќе биде слободен, отвортен и пристапен за сите а поплаките ќе бидат разгледувани на фер и транспарентен начин.

**контакти**

**http://www.mtc.gov.mk ,**
**http://www.moepp.gov.mk and**
**http://www.mz.com.mk**

**Проектна канцеларија/Ептиса**
**"Железничка" 2/8, 1000 Скопје,**
**Република Македонија**
**e-mail: rail8mk@eptisa.com**
**тел: +389 2 3178 168**

**контакти**

***Со нетрпение ги очекуваме вашите мислења и ви благодариме за потрошеното време и пројавениот интерес за проектот!***